Рудници „Бањани" АД Скопје
1011 Кучевиште Република Северна Македонија
Матичен број 4221931 Тел/факс 2666-021
Жиро сметка број 300-0000003209-12 Тел/факс 2666-038
Депонент „Комерцијална банка"АД Скопје
МК 4030991136453
E-mail: BRAJ@t.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**За настанатите значајни промени во финансискиот резултат**

**од 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

РУДНИЦИ „БАЊАНИ" АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
Бр. 0х2-083
23 02 2024 год.
с. КУЧЕВИШТЕ-СКОПЈЕ

Рудници Бањани АД Скопје ја заврши деловната 2023 година со позитивен финансиски резултат- добивка искажан во неревидираниот биланс на успех во износ од 4.495.000 денари

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Друштвото во деловната 2023 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи.

**Вкупни приходи**

Во 2023 година приходите од продажба на варовник се поголеми од мината година за 4.000.000 денари, но вкупните приходи се помали од минатата година поради намалените други приходи ( минатата година имавме големи приходи од продажба на отпадно железо од старите машини, и наплатени отпишани побарувања од Македонија пат).

**Вкупни расходи**

Вкупните трошоци во 2023 година се приближно исти како минатата година, така што трошоците за нафта се помали, додека трошоците за струјата и за експлозивите се зголемени.

**Залихи**

Во овој период залихите на готовите производи се намалени за 925.000 денари.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во недвижности и опрема до 31.12.2023 година изнесуваат 5.910.000 денари.

**Сопствени акции**

Рудници Бањани АД Скопје има вкупно откупено 6.012 сопствени акции. Од 01.01.2023 до 31.12.2023 година има откупено 505 акции.

# Рудници „Бањани” АД Скопје

1011 Кучевиште Република Северна Македонија

Матичен број 4221931 Тел/факс 2666-021
Жиро сметка број 300-0000003209-12 Тел/факс 2666-038
Депонент „Комерцијална банка”АД Скопје
МК 4030991136453

E-mail: BRAJ@t.mk


**Распределба на добивка од 2022 година**

На собранието на акционери кое се одржа во мај се одлучи добивката од 2022 година да се распредели на дел за набавка на опрема во износ од 7.475.000 денари а остатокот да остане за исплата на дивиденда.

**Дивиденда**

Во 2023 година поделена е дивиденда во нето износ од 36,00 денари по акција или во бруто износ од 40,00 денари. Изворот на средства за распределба на дивиденда е дел од добивката од 2022 година и дел од нераспределените добивки остварени по 2014 година.

**Коментар за работењето и за опкружувањето во 2023 година**

Иако постои проблем со наплата на побарувањата Рудници Бањани АД Скопје како деловен партнер од доверба навреме ги подмирува сите јавни давачки како и обврските кон добавувачите и вработените.

Во 2023 година се јавува потреба за вработувања поради заминување во пензија. При тоа се судруваме со несоодветни кадри и профили што е резултат на несоодветно образование во последната деценија што создава дополнителен проблем. Како фирма сме принудени да вршиме интерни обуки и обуки од надворешни сертифицирани фирми за таа намена,кои траат најмалку година дена.

**Идни аспекти**

Во сферата на истражувањето и развојот направени се обемни истражувања и анализи на пазарот. Констатиравме недостаток на готови производи во хемиската индустрија, кои се набавуваат од увоз, а истите може да се произведат од наши суровини. За таа цел предвидуваме проширување на производството на микрофракции со што би се намалила нашата зависност од продажба на досегашните производи, но мора да истакнеме дека тука се судруваме со невидена бирократија и административни проблеми кои го отежнуваат и оневозможуваат производството на новите производи. (Постаката за легализација на трафостаницата за која уредно е доставено барање во 2018 година сеуште не е завршена и немаме добиено решение од Министерството за транспорт и врски)

**Рудници Бањани АД Скопје**

**Прв генерален директор**

**Анита Пецевска Рајчиќ**

Акционерско друштво - Рудници „БАЊАНИ" с.Кучевиште СКОПЈЕ 1